ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Адреса:Македонија бр.5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 092
02 3289 004
Е-пошта: farmacija@fzo.org.mk

**Број:** 15-692/1
**Дата:** 12. 01. 2018

**До: ПЗУ Ординации,** н/р директор
**ЈЗУ Здравствени домови,** н/р директор

Копија до: Раководителите на ФЗО-подрачните служби

**ПРЕДМЕТ: ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Почитувани,

Во врска со дежурствата во здравствените установи кои имаат договор со ФЗОМ и согласно *Одлуката за организирање и спроведување на дежурства во ПЗУ аптеки кои имаат склучен договор со ФЗОМ* со бр.02-18128/1 од 29.12.2017 година, која е со примена од 01.01.2018 година, во градовите и другите населени места каде што нема аптека со 24 часовно работно време, дежурствата на ПЗУ аптеките со договор со ФЗОМ се спроведуваат **по телефонски повик од лекарскиот тим од здравствената установа каде се спроведува дежурство**. Фармацевтот/фармацевтскиот техничар од дежурната аптека по повикот е должен да издава лекови на рецепт на товар на ФЗОМ во просториите на аптеката согласно законските прописи.

Месечниот распоред за дежурствата ПЗУ аптеките го доставуваат до раководителите на подрачните служби на Фондот и до дежурните служби на здравствените установи. Во случај ако одредена дежурна служба на здравствена установа не добие таков распоред, потребно е да се обрати до Раководителот на подрачната служба на Фондот за да го добие соодветниот распоред на дежурни аптеки.

Воедно, напоменуваме дека лековите кои можат да ги пропишуваат на рецепт на товар на Фондот дежурните лекари во дежурните служби на здравствените домови, односно избраните лекари кои дежураат во дежурните служби кои ги организираат здравствените домови, се утврдени со *Одлуката за утврдување на лековите кои може да ги пропишуваат лекари во дежурна служба* со бр.02-13386/2 од 08.08.2014 година.

Прописите во врска со работењето на здравствените установи со договор со Фондот се објавени и на веб-страницата на ФЗОМ.

Доколку имате потреба за дополнителни појаснувања за дежурствата или пак имате сознанија за неправилности во спроведувањето на дежурствата во ПЗУ аптеки, потребно да се обратите во подрачните служби и/или во централната служба на ФЗОМ.

ВД Директор,
Данаил Дончев

Директор,
Орхан Рамадани,
Orhan Ramadani

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
3
СКОПЈЕ

Изготвил: Ирена Барутоска
Согласен: Амела Цана
Одобрил: Кристина Христова

По овластување бр.04-466/1 од 09.01.2018
Раководител на одделение за мобилна контрола
Лила Коџоман